„Кога спиете, шејтанот врзува три јазли на задниот дел од главата, врзувајќи го секој јазол кажува: ‚Долга е ноќта, па спиј

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол: „Кога спиете, шејтанот врзува три јазли на задниот дел од главата, врзувајќи го секој јазол кажува: ‚Долга е ноќта, па спиј‘, ако се разбуди и Го спомне Аллах, ќе му се одврзе првиот јазол, а ако земе абдест, ќе му се одврзе вториот јазол, а ако клања, ќе му се одврзе третиот јазол и ќе биде активен, со позитивен дух, а ако не направи вака ќе стане нерасположен и мрзлив.“

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, алејхи селам, ни кажува за состојбата на шејтанот и неговата борба со човекот која сака да стане за ноќен или сабах намаз. Кога верникот оди на спиење, шејтанот врз неговата глава врзува три јазли – т.е.: врз задниот дел од главата. Ако верникот се разбуди и се сети на Возвишениот Аллах и не им се одзвие на шепотењата на шејтанот, ќе се одврзе првиот јазол . Кога ќе земе абдест, се одврзува вториот јазол. Ако стане и клања, ќе се одврзе третиот јазол, ќе биде активен и позитивен. Радосен што Аллах му овозможил да направи богоугодно дело, задоволен од она што Аллах му го ветил како награда и простување, а исто така се ослободи од шејтановите јазли и неговите обесхрабрувања, во спротивно (ако не го направи ова) станува нерасположен, тажен во срцето и мрзлив да направи добри и богоугодни дела. Затоа што е врзан со оковите на шејтанот и оддалечен од Семилостивиот.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3731